РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр УП1 12-1360
22 -11- 2017

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 22 став 5 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 144/14, 146/15 и 30/16) и член 10 од Правилникот за начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр.115/13), а по Решение за давања генерално овластување бр.08-8064/1 од 03.07.2017 година на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за верификација на институција за образование на возрасните Друштво за производство, трговија и услуги ДЕПЕТ ДОО Скопје, подружница ПАСТЕЛ – Обука, за реализација на посебната програма Изработувач на леб и бели пецива

1. Се верифицира установата за образование на возрасните, Друштво за производство, трговија и услуги ДЕПЕТ ДОО Скопје, подружница ПАСТЕЛ – Обука, за реализација на посебната програма Изработувач на леб и бели пецива.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на институцијата за образование на возрасните Друштво за производство, трговија и услуги ДЕПЕТ ДОО Скопје, подружница ПАСТЕЛ – Обука, формирана со Решение УП1 бр.12-1360 од 30.08.2017 година, изврши непосреден увид на ден 03.10.2017 година во просториите на институцијата за образование на возрасните со цел да се утврди исполнетоста на условите за работа.

Врз основа на извршениот увид, Комисијата со извештај УП1 бр.12-1360 од 05.10.2017 година и Решението за верификација на посебната програма Изработувач на леб и бели пецива УП1 бр.10-3 од 04.04.2017 година, одобрена од ЈУ Центар за образование за возрасните, констатира дека се исполнети условите за верификација согласно Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 144/14, 146/15 и 30/16) и предложи да се верифицира установата за образование на возрасните Друштво за производство, трговија и услуги ДЕПЕТ ДОО Скопје, подружница ПАСТЕЛ – Обука, за реализација на посебната програма Изработувач на леб и бели пецива поради што се донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против донесеното решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Анета Трпевска

изготвил: Билјана А.Треневска
прегледал: Дана Бишкоска
одобрил: Елена Ивановска